1537

По барање на Генерал во пензија Борче Стојановки
Ги даваме подолу наведените податоци за **О В Ч А Р О Т**

- Наум Веслиевски ( Партизанско име Овчарот роден е во село Златари на 15.12.1921година, починат на ден 29.12.1972 година и погребан во село Јанковец -Ресенско.

- Татко на Овчарот: Ташко Веслиевски роден 1880 година во с.Златари, а Мајка __________од с. Кривени родена 1890 година.

- Семејсвото Веслиевски било слабоимотно и се занимавало исклучиво со земјоделство и сточарство за свој семеен опстанок.

- Со напредни револуционерни идеи како млад човек бил информиран од постари соселани, повратници од печалба, а активностите на комунстичката дејност понепосредно бил запознат од селанецот Мите Гајтан од истото село, кој подоцна беше еден од столбовите на Партиската организација, Главен член на војниот комитет за Преспа, подоцна, осуден од страна на Бугарските фашистички власт итн.

- Брачна состојба ( своевремено) сопруга : Цвета од Струмица, синови Стево и Панче од Струмива ( едниот правник -судија починат другиот лекар).

-Сестри: Трајанка, Стефка и Мара( кои беа и на погребот а Цара кеве ад поодамна била умрена, како и неговиот брат Панде.

На 15 Септрмври 1941 година, Наум Веслиевски со позив од тогашната бугарска власт се наоѓа во Бугарија за отслужување на воениот рок, како впрочем и останатите - дваесет годишници кои не можеа да бидат насочени во партизанските одреди кои штотуку се формирра одве енде.

Кон крајот на март 1942 година од составот на бугарската војска бил пуштен на редовно отсаство, кое како и повеќе војници останал во родното село барајки мони врски за пристапување во партизанските редови.

Набргу се сназол со илегални врски каде илегалчеа идните преспански борци низ селата Сопотско, Подмочани, Порвеник, Болно итн. се до формирањето на Првиот партизански НОП"Одред Даме Груев"

На 6-ти Јули 1942 година кај месноста "Синедолско Кладенче" на Бигла Планина се формира Битолско преспанскиот партизански одред " Даме Груевс", кој броеше 17 члена. Сите од нив добија партизански имиња ( псевдоними).Партизанското име на НВ. Овчарот му го одреди Јосиф Јосифовски - Свештарот Ѓорче. За командант на Одредот беше назначен Велковски Ѓоре -Коста, негов заменик Веслиевски Наум Овчарот Комесар Ј.Ј. Свештарот Ѓорче, негов заменик Илија спировски-Панде Комесар за исхрана Божиновски Пецо -Кочо.

На 28. август 1943 година во Караорман на планината Славеј е формиран Првиот македонски баталјон "Мирче Ацев", во чиј состав покрај Одредот "Даме Груев" влезе Крушевскиот партизански одред "Питу Гули", Велешкиот "Димитар Влахов" и новодојдените партизани од Прилепско и Деварца. За Комнандант на баталјонот "Мирче Ацев" беше поставен Наум Веслиевски -Овчарот, Негов заменик Мите Трповски Војводата, Комесар Ивановски Стоилко -Планински, заменик Белевски Трајан-Гоце, Интендант Павловски Војнеи Стево. Баталјонот броеше 1оо-тина борци.Комесарот ЈЈ -Ѓорче замина на нова должност Комесар на II Оперативна зона.

На 11. Ноември 1943 година во с. Сливово Охридско на свечен начин е формирана Македонско косовска бригада.Во нејзиниот состав влегоја : Баталјонот "Мирче Ацев (Како I. баталјон, Дебарско-Кичевскиот баталјон како II. баталјон и Пратеќа чета. Бројниот состав на бригадата околи 800 борци. Националниот состав ( македонци, срби, црногорци, малко албанци, словенци од Истра ( имане и девојки_) со право може да се нарече Бригада на братство и единство.

На 22 Декември 1943 во Фунтани ( Е . М ) беше одржан Првиот Конграс на ЉММ на кој присуствуваше и Овчарот.

Од сите акции на Одредот, Баталјнот и и Бригатите со кои раководеше Очарот СО НАЈКРУПНИ БУКВИ ТРЕБА ДА СЕ СЕ ЗАБЕЧЛЕЖИ ПРЕМИНОТ ПРЕКУ БРЕГАЛНИНИЦА КОГА ОД ЕДНАТА СТРАНА БЕА БОРЦИТЕ А ОДРЕДОТ НА ОВЧАРОТ А НА ДРУГАТА СТРАНА БУГАРСКАТА ВОЈСКА КОГА НА МОСТОТ НА БРЕГАЛНИЦА ИМАЛО БУГАРСКА СТРАЖА ОД ЕДНАТА СТРАНА ПАРТИЗАНИ НА ДРУГАТА БУГАРСКА ВОЈСКА ОВЧАРОТ? КРСТЕ СОКОЛОВСКИ? И СЛАВЕ ИЛИЕСКИ ВО ГРУПА ТРГНАА ПРЕКУ МОСТОТ ГИ СОВЛАДАААА СТРАЖАРИТЕ? Славе СО ЕДНЕОТ СТРАЖАТ ОВЧАРОТ СО ВТОРИОТ, и ПОМОГНАЛ ЗА ТРЕТИОТ СТРАЖАР СО КРСТЕ СОКОЛОВСКИ И УСПЕШНОЈА ИЗВРШИЛЕ ЗАДАЧАТА О Темпо ( С .В. и Апостолски, при што немале свои загуби. и Заробиле над 3оо бугарски војници, оружја и многу муниција. Оваа акција беше организирана / наредена по налог ТЕМПО И АПОСТОЛКИ?